Врз основа на член 73 став (1) точка 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 23 април 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за уважување на приговор

1. Приговорот на Хаљити Зеди с. Пирок, Боговиње УП2 09-1147/25 од 17 декември 2025 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_11_20251124_1824 од 10.12.2025 година ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје NCC_11_20251124_1824 од 10.12.2025 година СЕ ПОНИШТУВА.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да издаде Решение за согласност за приклучување на едно директно броило.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Хаљити Зеди с. Пирок, Боговиње до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-1147/25 од 17 декември 2025 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. NCC_11_20251124_1824 од 10 декември 2025 година, издадено поради непостоење на технички услови за приклучување на објект.

Според Електродистрибуција – Хаљити Зеди поднесе барање со број NCC_11_20251124_1821 за нов приклучок за постоечкиот објект за кој што има веќе приклучок добиен преку издадено Решение за согласност за приклучување (РСПДМ) бр. 1-7640/356 од 28 октомври 2008 година. За реализацијата на приклучокот тогаш е изградена нова столбна трафостаница и нов среднонапонски воздушен приклучок.

За реализација на сегашното барање потребна е реконструкција на нисконапонскиот дел од ТС Зеди. Барателот е должен да постапи согласно точка 15 од РСПДМ бр. 1-7640/356 од 28 октомври 2008 година, односно без надоместок да го преотстапи земјиштето на ЕВН Македонија каде е изградена ТС Зеди и истата да се запише во имотен лист на ЕВН Македонија АД Скопје.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 20 февруари 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-1147/25 од 19 декември 2025 година,
2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 28 јануари 2026 година со прилог:

- Слики од објектот и трафостаницата
- Слика од барањето за согласност за приклучување

- GIS скица
- Приговараното Решение
- Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа бр. 1-7640/356 од 28 октомври2008 година
- Имотен лист бр. 5469 за објект на КП бр. 739/1, КО Пирок
- Имотен лист бр. 872 за столбна трафостаница, сопственост на Хаљити Зеди од с. Пирок, Боговиње

На седницата се заклучи приговорот да се разгледува на седница со физичко присуство на двете страни, при што на седница одржана на 25 март 2026 година се изнесоа следните наводи:

Подносителот на приговорот потенцираше дека веќе има едно броило со максиграф, 5А, полуиндиректно. Сега бара плус две броила односно од едно на три броила, со тоа што истите да бидат директни броила бидејќи сака објектот да го подели на 3 дела. Столбната трафостаница е запишана во имотен лист како негова сопственост бидејќи тој платил за истата и можеби би се согласил истата да ја отстапи на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, во зависност од понудата која ќе ја добие. Не се согласува да ја исполни својата обврска од договорот за приклучување што го склучил со ЕВН за отстапување на земјиштето каде е поставена столбната трафостаница.

Претставникот на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје напомена дека со Решението за согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа од 2008 година на барателот Хаљити Зеди од с.Пирок е одобрен нестандарден приклучок за две броила, но реализирано е само едно броило. Исто така, ја потенцираше точка 15 од Прилог 1 кон Решението за согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа од 2008 година според која корисникот, сега подносител на приговорот, е должен со ЕВН Македонија АД Скопје да склучи посебен договор за отстапување на предметното земјиште односно објект на кој ќе биде изградена/поставена столбната трафостаница без надоместок. Исто така согласно точка 16 од истиот прилог, корисникот е должен да склучи договор за приклучување на дистрибутивната мрежа со ЕВН Македонија АД Скопје. Корисникот, сега подносител на приговорот не ги исполнил точка 15 и 16 од Прилог 1 кон Решението за согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа од 2008 година. Дополнително, во приложениот имотен лист бр.872, трафостаницата е заведена како имот во сопственост на Хаљити Зеди, сега подносител на приговорот согласно Решение за утврдување на правен статус на бесправен објект од 6 декември 2016 година донесено од Општина Боговиње и анекс на геодетски елаборат од 30 ноември 2017 година.

Исто така, претставникот на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје истакна дека во моментов предметната столбна трафостаница не се одржува од страна на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, поради нереализираните обврски од корисникот наведени погоре, но се води како нејзино основно средство бидејќи целокупната проектна документација за истата и нејзината изведба биле извршени од страна на операторот на електродистрибутивниот систем, а уписот во Агенцијата за катастар на недвижности како сопственост на корисникот, сега подносител на приговорот, преку постапка за легализација не е правно заснована и истата би била оспорена на суд.

На седницата се заклучи Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да се произнесе околу тоа дали ќе покрене судска постапка за разрешување на прашањето околу сопственоста на столбната трафостаница во рок од 10 работни дена, при што на 2 април 2026 година беше одговорено дека моментално не е покрената никаква судска постапка.

На седница одржана на 3 април Приговорот повторно се разгледуваше и на седницата се заклучи истиот повторно да се разгледува на седница на Комисијата за приговори за електрична енергија, при што на 14 април 2026 година Приговорот повторно се разгледуваше.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е делумно основан.

Имено, подносителот на приговорот е сопственик на трафостаница во која има едно 5А полуиндиректно мерење и не станува збор за изолиран потрошувач бидејќи постоечкото Решение за согласност за приклучување е од 2008 година кога не постоел таков тип на потрошувач.

Не постои техничка можност за реализација на три нови директни броила заедно со постоечкото 5А полуиндиректно мерење поради расположливата моќност на трафостаницата, во која веќе се зафатени 122,78kW со полуиндиректно мерење, а моментално се бара приклучок за нови 122,8kW со три директни броила. Ова се заклучи поради тоа што инсталираната моќност на објектот е 245,56 kW, а едновремената моќност е 122,78 kW (наведено во издадената електроенергетска согласност бр. 1-7640/356 од 20.10.2008 година од страна на ЕВН Македонија), а на добиените скици од Електродистрибуција стои дека енергетскиот трансформатор е со моќност од 160 KVA, па со реализација на барањето на подносителот би дошло до оптоварување поголемо од 100% што е технички неисправно, но постои техничка можност за приклучување на уште едно директно броило.

Согласно член 162 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25) операторот на електродистрибутивниот систем е одговорен за одржување, надградување и проширување на електродистрибутивната мрежа како и за функционирање на електродистрибутивниот систем и е должен да обезбеди негово поврзување со електропреносниот систем.

Согласно член 164 став (1) точки 3), 4) и 5), операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен да го развива, надградува и одржува електродистрибутивниот систем со кој управува под економски оправдани услови со посебно внимание на безбедноста, доверливоста, ефикасноста и заштитата на животната средина, како и да обезбеди сигурна, безбедна и квалитетна дистрибуција и испорака на електрична енергија преку електродистрибутивниот систем со кој управува, на недискриминаторен и транспарентен начин и во согласност со пропишаниот квалитет. Исто така операторот на електродистрибутивниот систем е должен да ги приклучи производителите, складиштата и потрошувачите на електродистрибутивниот систем со кој управува во економско-технички оптимални точки, како и да овозможи пристап на трета страна за користење на електродистрибутивниот систем.

Имајќи го предвид горенаведеното, се утврди се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–1147/25**
**23 април 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**